# GUID 9000

## Кооперативни ревизии меѓу ВРИ

Упатствата на INTOSAI се издаваат од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции, INTOSAI, како дел од Рамката за професионални објави на INTOSAI. За повеќе информации посетете ја www.issai.org

INTOSAI

Документ објавен пред IFPP - овој документ е изготвен пред креирањето на Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP) во 2016 година. Затоа може да се разликува во формалната намена од поновите упатства за ревизија на INTOSAI.

INTOSAI

INTOSAI, 2019 година

1) Одобрен во 2016 година како ISSAI 5800 - Упатство за кооперативни ревизии
2) Со воспоставувањето на Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP), преквалификуван и преименуван во GUID 9000 - Кооперативни ревизии меѓу ВРИ, со уреднички измени во 2019 година

# БЛАГОДАРНОСТ

Поткомитетот за кооперативни ревизии се соочи со предизвикот да изготви упатство за спроведување на заеднички билатерални и мултилатерални ревизии. Овој документ се потпира на работата што ја вршат врховните ревизорски институции. Поткомитетот изразува благодарност до Работната група за ревизија на животната средина чии совети и препораки, вклучени во повеќе трудови, влијаеа и значително ја поддржаа оваа работа. Исто така, сакаме да изразиме благодарност до сите врховни ревизорски институции кои одговорија на нашите прашалници и дадоа информации за извршените кооперативни ревизии од нивна страна. Овие информации, дополнети со други документи, како што се формалните договори за кооперативните ревизии, ги обезбедија клучните факти кои ни послужија како придонес за ова упатство и прилозите. Поткомитетот изразува благодарност до ВРИ на Германија, поранешен член на овој Поткомитет, за изготвувањето на упатството и понатамошната поддршка при разгледувањето на коментарите и препораките дадени од другите врховни ревизорски институции.

# ПРЕДГОВОР

Една стара кинеска поговорка вели: „Човекот што ја пресели планината започна со пренесување на мали камења“. Тој што вршел ревизорска работа заедно со други ВРИ може лесно да се идентификува со овој човек. Соработката често започнува со решавање на помали предизвици, за подоцна да се увиди дека е преместена цела планина. Целта на ова упатство е да укаже на начини што може да се следат при „пренесување на камењата“.

Првите години на XXI век се карактеризираат со зголемена меѓузависност и усогласување. Глобалната економија одамна ги надмина сите политички граници. Владите кои досега делуваа на своја територија мора да држат чекор со брзиот

развој на многу полиња. Во тој контекст, соработката е темел на развојот и општата благосостојба во нашиот свет. Со соработка ние го зајакнуваме општеството, ги поддржуваме заедничките вредности, ги развиваме нашите културни идентитети и споделуваме знаење. Затоа соработката е единствената разумна опција за владите и, во исто време, за врховните ревизорски институции, доколку сакаат да играат голема улога и во иднина.

Споделувањето информации и научени лекции го проширува хоризонтот и отвора нови перспективи за постапките на сопствената влада во споредба со други влади. Во исто време, размената на информации и знаење станува неопходност и за врховните ревизорски институции. Континуираното унапредување на ревизијата на јавниот сектор е апсолутно неопходно за да се држи чекор со брзите промени со кои се соочуваме. Истото ја зголемува потребата од техничка поддршка.

Меѓународната соработка може да помогне со укажување на заеднички карактеристики на ревизорските аранжмани што преовладуваат во различни земји, а кои можат да станат прифатена цел и правило за сите земји. Потрагата по најдобри системи и процедури за ревизија на јавните фондови е важна за да се осигури дека нивното управување е во согласност со принципите на законитост, регуларност, ефективност, ефикасност и економичност. Доколку врховните ревизорски институции сакаат да играат проактивна наместо пасивна улога во општеството, тие мора да ги извршуваат своите мисии ефикасно и навремено да се подготват и да се прилагодат на предизвиците од брзото менување на политичкото и административното опкружување. Во овој потфат „здружувањето е почеток, останувањето заедно е напредок, а работењето заедно е успех“.[1]

[1] Цитат од Хенри Форд

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД 7

1.1 Структура на ова Упатство 7

1.2 Цел на ова Упатство 8

1.3 Дефиниции 8

2. ПОЧЕТОК НА РЕВИЗИЈАТА 13

2.1 Цел на ревизорската соработка 13

2.2 Одлука за ревизорска соработка 14

2.2.1 Избор на тема за ревизијата 15

2.2.2 Избор на ВРИ за ревизијата 16

2.2.3 Избор на соодветен вид на ревизија 17

2.3 Доверливост 19

2.4 Формален договор за кооперативна ревизија 20

3. РЕДОСЛЕД НА РЕВИЗОРСКИ ЧЕКОРИ 22

3.1 Подготовка на ревизијата 22

3.2 Спроведување на ревизијата 28

3.3 Известување за ревизијата 31

4. ЕВАЛУАЦИЈА И ПОНАТАМОШНА РЕВИЗОРСКА СОРАБОТКА 33

4.1 Осврт на извршената ревизија 34

4.2 Ex-post евалуација на ревизорската соработка 34

4.3 Продолжување на ревизорската соработка 35

ПРИЛОГ 1 36

**1.1** – Што беше(-а) темата(-ите) на ревизија? 36

**1.2** – Која ревизорска област ја разгледуваше? 47

ПРИЛОГ 2 58

Примери на мисии за кооперативна ревизија 58

КООРДИНИРАНИ РЕВИЗИИ 58

ЗАЕДНИЧКИ РЕВИЗИИ 62

ПАРАЛЕЛНИ РЕВИЗИИ 63

ПРИЛОГ 3 73

Листа за проверка со други врховни ревизорски институции 73

ПРИЛОГ 4 76

Стандарден договор за ревизија 76

# 1 ВОВЕД

Во последните години, соработката меѓу врховните ревизорски институции значително се прошири. Поттикот за овој развој беше во голема мерка обезбеден од INTOSAI, преку конгреси, постојани комитети, работни групи, состаноци, семинари и, во последно време, со поддршка на Развојната иницијатива на INTOSAI (IDI). Во многу случаи, соработката беше резултат на билатерални и регионални иницијативи преку кои врховните ревизорски институции го практикуваа мотото на INTOSAI кое вели дека размената на искуство носи придобивки за сите.

Индивидуалните придонеси кон ова Упатство побарани од сите врховни ревизорски институции јасно го покажуваат обемот на активности за соработка што се во тек. Тие докажуваат дека врховните ревизорски институции имаат намера да одговорат на предизвиците кои произлегуваат од глобалните промени со утврдување и спроведување на нови начини за ефективно организирање и управување. Ова Упатство треба да биде придонес кон постигнување на целта - меѓународната заедница на врховните ревизорски институции да има сè позначајна улога во подобрување на управувањето со јавните ресурси.

## 1.1 СТРУКТУРА НА ОВА УПАТСТВО

Структурата на ова Упатство ги претставува последователните чекори на ревизорската мисија. Упатството се осврнува на чекорите на подготовка, спроведување и оценување на ревизорската работа и дава совети и препораки за секоја од овие фази. Релевантната содржина на секое поглавје не може и не е

наменета за комплетно и целосно решавање на сите прашања што можат да се појават при вршење ревизија од страна на повеќе врховни ревизорски институции. Во ова Упатство невозможно е, на пример, да се земат во предвид разните национални правни рамки според кои треба да работат врховните ревизорски институции. Сепак, веројатно е дека ова Упатство се осврнува на клучните прашања кои треба да бидат одговорени од учесниците во координативната ревизија[2].

## 1.2 ЦЕЛ НА ОВА УПАТСТВО

Ова Упатство треба да им обезбеди на врховните ревизорски институции алатка за подготовка, спроведување и следење на билатерални и мултилатерални ревизии. За време на заедничкото планирање на ваквите ревизии, Упатството треба да ги алармира сите учесници за важни прашања што треба да бидат разјаснети и договорени како предуслов за успешно извршување на ревизијата, особено за моделот на формален договор за ревизија и контролната листа за оваа намена. Иако употребата на Упатството не може да осигури дека ревизијата ќе биде успешна за сите учесници, може да помогне да се избегнат потенцијалните замки. Придобивката од ова Упатство делумно зависи од научените лекции на врховните ревизорски институции при примената на истото.

## 1.3 ДЕФИНИЦИИ

Имајќи го предвид меѓународното опкружување во кое треба да се користи ова Упатство, се чини логично да се започне со дефинирање на некои од концептите кои се разгледуваат подолу, со цел да се спречат потенцијални недоразбирања кои можат да се појават во идната соработка меѓу неколку врховни ревизорски институции.

[2] За изготвување на ова Упатство како референца се користени следните документи: Соработка меѓу врховните ревизорски институции - совети и примери за кооперативни ревизии, 2007 година; GUID 5203 Соработка за ревизии на меѓународни договори за животна средина.

## » Видови кооперативни ревизии[3]

Кооперативните ревизии меѓу две или повеќе врховни ревизорски институции можат да се поделат на три вида: паралелна / истовремена, координирана и заедничка ревизија (види слика 1).

- **Паралелна/истовремена ревизорска мисија:** Донесена е одлука да се спроведат слични ревизии. Методологијата и ревизорскиот пристап може да бидат заеднички. Ревизијата се спроведува повеќе или помалку истовремено од страна на две или повеќе автономни ревизорски тела, но со посебен тим за ревизија од секое тело, кој вообичаено подготвува извештај за сопственото раководно тело и само за прашања од својот мандат.

За овој вид ревизија може да се спомене ревизијата спроведена меѓу 2006 и 2009 година од 12 ВРИ од EUROSAI (Бугарија, Чешка, Македонија, Германија, Романија, Словачка, Словенија, Турција, Шпанија, Швајцарија, Украина и Полска). Сите тие потпишаа договор за соработка и рамковна програма која требаше да биде земена во предвид од страна на сите ВРИ во нивните ревизорски истражувања. Целта на ревизијата беше да се оцени успешноста на избраните програми/мерки за унапредување на вработувањето на лица со инвалидитет.

Друга паралелна ревизија е онаа спроведена меѓу 2008 и 2012 година, кога ВРИ на Чешка и Германија се согласија да спроведат паралелни ревизии на доделувањето на договори за изградба во ЕУ, и на спречување на корупција. Оваа ревизија се фокусираше на примената на законот за јавни набавки на ЕУ транспониран во националното законодавство и спречувањето на корупција во градежните договори и изградбата на патишта и/или транспортна инфраструктура. Ревизијата, исто така, опфати и доделување на договори под праговите на ЕУ, со цел спречување на корупција.

- **Координирана ревизорска мисија**: Координирана ревизија е или заедничка ревизија со одделни ревизорски извештаи до сопствените раководни тела на врховните ревизорски институции или паралелна ревизија со заеднички ревизорски извештај покрај посебните национални

[3] Видете INTOSAI, Како врховните ревизорски институции можат да соработуваат во ревизија на меѓународни договори за животна средина, 1998 година. INTOSAI, Соработка меѓу врховните ревизорски институции - совети и примери за кооперативни ревизии, 2007 година, Вовед, стр.

извештаи.

Како пример, може да се спомене координираната ревизија спроведена меѓу 2007 и 2008 година од ВРИ на Украина, Германија, Холандија, Полска, Руската Федерација, Словачка, Швајцарија, Соединетите Американски Држави и Европскиот суд на ревизори во врска со Фондот за засолништето во Чернобил.

Целта на ревизијата беше да се утврди вистинската состојба на работите во однос на правната, организациската и финансиската поддршка при деактивирањето на нуклеарната централа во Чернобил и трансформацијата на уништената единица 4 во еколошки безбеден систем, преку исполнување на Планот за имплементација на Засолништето.

- **Заедничка ревизорска мисија:** Клучните одлуки се заеднички. Ревизијата ја спроведува еден ревизорски тим составен од ревизори од две или повеќе автономни ревизорски тела кои вообичаено подготвуваат еден заеднички ревизорски извештај, а истиот се презентира пред секое раководно тело.

За овој вид на ревизија постои пример што ова Упатство може да им го понуди на ВРИ кои се заинтересирани за вршење на заедничка ревизија, а се однесува на ревизијата спроведена од ВРИ на Холандија и ВРИ на Белгија меѓу 2007 и 2008 година. Двете ВРИ склучија договор за спроведување на заедничка ревизија за проверка на квалитетот во високото образование во нивните земји.

Во нивното заедничко испитување тие открија дека проверката на квалитетот во високото образование и во Холандија и во Белгија е високо развиена, но осигурувањето на квалитет во самите образовни институции може да се подобри од неколку аспекти. Пет години подоцна двете ВРИ спроведоа follow up ревизија за да проверат дали се исполнети нивните препораки.

## » Раководни (хиерархиски) нивоа

Во кооперативната ревизија, учесничките ВРИ треба да извршуваат различни функции. Задачите треба да се координираат во заеднички или национални тимови, треба да се спроведе теренска работа, да се изготват извештаи и да се донесат одлуки. Функциите ги вршат лица кои, иако имаат различни титули на

работните места во рамките на хиерархијата на секоја врховна ревизорска институција, извршуваат слични работни задачи. За целите на ова Упатство, различните нивоа се дефинираат на следниот начин:

Улогите и одговорноста ќе бидат преземени во зависност од учесничките ВРИ.

- Прво ниво: највисоко раководство, како главен ревизор, (прв) претседател или нивни заменици
- Второ ниво: раководители на сектори, одделенија, раководни лица
- Трето ниво: раководители на ревизорски единици
- Четврто ниво: виши ревизори / ревизори
- Петто ниво: други вработени.

Успехот на ревизијата ќе зависи од заложбите на секоја вклучена страна, а особено од највисокото раководство (прво ниво).

## » Комитети

При вршење кооперативна ревизија, важно е да има тела/комитети кои ќе бидат одговорни за носење одлуки и следење на целиот процес.

Секој претставник на врховната ревизорска институција за било кој комитет ќе биде назначен при потпишувањето на стандардниот договор или за време на подготовката на ревизијата, со официјален документ.

Во зависност од видот на координативната ревизија, учесничките ВРИ можат да ги формираат следниве комитети:

» **Координативен комитет:** Ова е тело за координирање на соработката кај паралелна или координирана ревизија. Членовите на комитетот споделуваат ставови за ревизиите и се договараат за пристапот кој треба да се прифати. Тие ги соопштуваат потребните информации за донесување одлуки до лицата кои донесуваат одлуки во учесничките ВРИ и ги презентираат решенијата на овие одговорни лица пред другите врховни ревизорски институции. Членови на овие комитети можат да бидат искусни ревизори (четврто ниво или повисоко).

Како алтернатива, учесничките ВРИ може да изберат една од нив да биде Координатор ВРИ која ќе ја преземе одговорноста за исполнувањето на програмата за ревизија (на пр. развојни етапи, временски распоред).

» **Управен комитет:** Ова е тело за следење и управување со активностите на ревизорскиот тим во текот на заедничката ревизија. Ова тело ги носи сите одлуки за кооперативната ревизија до степен кога лидерите на ревизијата не се овластени да ги преземат истите. Во исто време, претставниците одржуваат контакт со нивните врховни ревизорски институции. Препорачливо е членовите да имаат овластување да донесуваат одлуки во рамките на нивните организации (трето ниво или повисоко).

## » Видови на извештаи

Во принцип, постојат две различни форми со кои врховните ревизорски институции можат да известуваат за резултатите од кооперативната ревизија.

» **Заеднички извештај (заедничка ревизија):** Учесничките ВРИ изготвуваат заеднички извештај во кој се содржани наодите, заклучоците и препораките од ревизијата и истиот е достапен за соодветните раководни тела и националните институции. Извештајот може да биде подготвен на еден или повеќе јазици.

» **Заеднички извештај (координирана ревизија):** Учесничките ВРИ изготвуваат заеднички извештај заснован на националните извештаи, кога тоа е применливо. Заедничкиот извештај вклучува некои или сите наоди, заклучоци и препораки презентирани заеднички од врховните ревизорски институции. Заедничкиот извештај ќе биде достапен за соодветните парламентарни или управни тела, и доколку е можно, согласно законската рамка, на кој било друг заинтересиран субјект, во прилог на националните извештаи, каде што е соодветно. Извештајот може да биде подготвен на еден или повеќе јазици.

» **Национален ревизорски извештај (координирана/истовремена или паралелна ревизија):** Учесничките ВРИ изготвуваат одделни национални извештаи. Тие вклучуваат наоди, заклучоци и препораки како резултат од националната ревизија, дополнети, кога е можно, со резултатите од ревизиите на другите учеснички ВРИ. Извештаите може да имаат идентични структури или може да бидат слични само во делови. Истите се ставени на располагање на националните тела.

# 2

# ПОЧЕТОК НА РЕВИЗИЈАТА

## 2.1 ЦЕЛ НА РЕВИЗОРСКАТА СОРАБОТКА

*INTOSAI -P1 Декларација од Лима* (член 15) со право укажува дека меѓународното споделување на информации и искуства е ефикасно средство за помагање на врховните ревизорски институции да ги исполнат своите задачи.

Ова подразбира споделување на научени лекции, обука на ревизори и совети во врска со ревизорските методи. Иако треба да се земат предвид различните правни и економски рамки на секоја земја, може да се искористи искуството стекнато од другите како основа за извлекување заклучоци за потенцијални подобрувања во сопствената земја и подобри аранжмани за извршување на сопствените ревизорски функции. Овој пристап може, исто така, да помогне да се избегне повторување на системски грешки кои се веќе откриени од други врховни ревизорски институции.

Меѓународната соработка придонесува за обуката на ревизорите, која сè повеќе станува меѓународна активност, и им дава можност да се запознаат со новите методи на работа. Во исто време, нуди можност недвосмислено и јасно да се дефинира значењето на одделните технички термини (терминологија) на различни јазици.

Врховните ревизорски институции работат заедно на различни начини. Тие тоа го прават редовно во форма на паралелни или координирани ревизии, што вклучува споделување на информации. Заедничките ревизорски мисии се поретки; вакви

ревизии имаат извршено Алжир, Кипар, Индонезија[4], Литванија, Малдиви, Мозамбик, Перу, Словенија и Венецуела.

Ревизорската соработка е вообичаено неопходна кога врховната ревизорска институција спроведува ревизија која има потреба од теренска работа во странство. Како по правило, врховните ревизорски институции немаат право да вршат ревизорска работа надвор од територијата на нивната земја, на пр. кај корисници во странство, без согласност на засегнатата земја. Во некои случаи, законот ги овластува, под одредени услови, да побараат помош од странските ревизорски институции.

## 2.2 ОДЛУКА ЗА РЕВИЗОРСКА СОРАБОТКА

Одговорите на прашалникот дистрибуиран од Работната група (види Прилог 1) укажуваат дека, покрај основниот интерес за билатерална или мултилатерална соработка, постои широк спектар на различни основни мотиви. Кооперативните ревизии можат да ја зајакнат постојната соработка меѓу врховните ревизорски институции и може да ги зајакнат неформалните мрежи.

Соработката меѓу врховните ревизорски институции не е губење време, туку потреба за одржување на ефективноста на истите, бидејќи промовира одредување на референтни точки и развој на добра пракса кај сите вклучени институции[5]. Таа служи за развој и унапредување на општото стручно знаење на ревизорите на јавниот сектор. Споделувањето на научените лекции, знаење и методологија во областите од интерес на врховните ревизорски институции честопати се споменуваше како мотив. Врховните ревизорски институции сакаат да ги преиспитаат своите постојни практики и да ги споредат со меѓународната добра пракса и стандарди. Во некои случаи, ова знаење е потребно за ревизии кои се во тек. Работната група на INTOSAI за ревизија на животната средина ги спомена следните главни цели:

- обезбедување поддршка за врховните ревизорски институции за разбирање на

[4] Индонезија преку учество во ревизијата; во ревизијата на Cour des Comptes - забелешка: CdC беше *носител на должност на UNBOA - ревизорите на ВРИ на Индонезија активно учествуваа. Ревизорите ги користеа стандардите за ревизија на ООН.*

[5] XVIII INCOSAI, Тема I, документ за дискусија за можностите за билатерална и мултилатерална соработка меѓу врховните ревизорски институции (ВРИ). Автор: Национална канцеларија за ревизија на Велика Британија.

специфичните проблеми поврзани со ревизијата на животната средина;

- олеснување на размената на информации и искуства од оваа област;
- објавување на методолошки упатства и други информации корисни за врховните ревизорски институции (т.е. препораки од опфатот и
- методи на ревизиите од областа на животната средина)[6].

Денес, главна причина веројатно ќе биде потребата да се изнајдат решенија за меѓународните предизвици, на пр. еколошки прашања, наплата на даноци и давачки или борба со и гонење на меѓународен криминал. За многу врховни ревизорски институции, мотивацијата да се најдат заеднички решенија за проблемите на меѓународно ниво е одлучувачки фактор за желбата за соработка. Во голем број случаи, соработката има за цел развој на заедничка политика на врховните ревизорски институции, пред сè за заштита на животната средина.

Честопати, кооперативните ревизии се однесуваат и на програми во кои се вклучени неколку земји, на пр. ревизија на финансиска помош за зајакнување на земјоделската и регионалната инфраструктура од донаторски фондови. На пример: ревизијата на фондот за цунами станува заеднички интерес на многу врховни ревизорски институции поради огромната сума на пари од земјите донатори за земјите погодени од цунами. Затоа е потребен издржан, транспарентен и отчетен извештај за донаторите кои ги собрале средствата. Меѓутоа, за земјата донатор се покажа поефикасно да вклучува локални ревизори во ревизијата на својата ВРИ, за да добие подобра слика за реалната состојба на жртвите од цунами. Ревизиите честопати се однесуваат на транспарентност, правилна употреба, известување и верификација на овие програми.

Во случај на други прашања на меѓународно ниво, на пример, царинска администрација и имиграција, перење пари, трговија со луѓе или меѓунационални договори за одбрана, ревизиите од одредена врховна ревизорска институција во рамките на нејзините национални граници не е издржана[7]. Затоа, разумно е ВРИ да спроведат кооперативна ревизија.

---

[6] Веб страна INTOSAI WGEA: http://www.environmental-auditing.org/.

[7] Видете XVIII INCOSAI, Тема I, документ за дискусија за можностите за билатерална и мултилатерална соработка помеѓу врховните ревизорски институции (ВРИ). Автор: Национален завод за ревизија Велика Британија.

## 2.2.1 ИЗБОР НА ТЕМА ЗА РЕВИЗИЈА

Во многу случаи, соработката ќе биде мотивирана од фактот дека ваквите прекугранични прашања, како што се загадувањето на животната средина, видливиот и невидлив увоз или извоз, паричните текови или одредени даноци или царински давачки, можат да се ревидираат само во форма на прекугранична соработка. Освен горенаведеното, може да се изврши ревизија и на одредени услови и/или трансакции откриени во повеќе земји, како на пример, владини грантови за одредени економски сектори (енергетски сектор или земјоделски сектор). Анализата на одговорите на прашалникот посочи голем број интересни области за ревизија што можат да се поделат на неколку ревизорски области кои делумно се преклопуваат (види Прилог 2).

## 2.2.2 ИЗБОР НА ВРИ ЗА РЕВИЗИЈА

Изборот на соодветни учесници во ревизијата често директно зависи од темата на ревизија.

- Во случај на ревизии од областа на животната средина и фондовите за животна средина, учесниците се избираат од земји кои припаѓаат на одреден географски регион (на пр. соседни земји околу езеро или море, шума или национални паркови) или земји кои се членки на одредена конвенција (на пр. Хелсиншка конвенција). Во случај на ревизии на животната средина, од значителен интерес е учеството на врховните ревизорски институции на земјите кои значително влијаат врз животната средина. Што се однесува до ревизиите на средствата за помош во случај на природни катастрофи, треба да учествуваат врховните ревизорски институции и на донаторот и на земјите приматели.
- Кога се работи за ревизија на одредени структури (мостови, автопати), во ревизијата ќе учествуваат врховните ревизорски институции на земјите во кои се наоѓа структурата.

- Ревизиите на прекуграничните комерцијални трансакции на одредени стоки/услуги и поврзаните даноци и царински давачки ќе бидат спроведени преку соработка на врховните ревизорски институции на оние земји на кои овие трансакции и приходи се од особена важност. Истото важи и за прекуграничното движење на обичниот и опасниот отпад. За тие ревизии, учесниците обично се избираат од засегнатите земји.
- Освен регионалните фактори, соработката на неколку врховни ревизорски институции се чини разумна ако тие или нивните земји имаат слични интереси.
- На пример, кооперативната ревизија може да ја испита исплатливоста на заемите што меѓународните организации ги имаат доделено на одделни земји приматели.
- Освен погоре наведеното, постои посебен интерес за учество на врховни ревизорски институции на земји кои имаат одредена експертиза поради тоа што веќе извршиле ревизија во соодветната област, имаат докажани експерти меѓу нивните вработени или често користат ревизорски методи кои се, исто така, од интерес на другите врховни ревизорски институции. Ова особено се однесува на ревизии кои првенствено се спроведуваат за обука. Друга опција за учество што треба да се разгледа е врховната ревизорска институција да биде од земја која (веројатно) има развиено добра пракса во дадена област, иако засегнатата врховна ревизорска институција сè уште нема спроведено релевантна ревизија. Во овој случај, примамлива можност е кооперативна (паралелна) ревизија што вклучува споделување на најзначајните ревизорски наоди.

## 2.2.3 ИЗБОР НА СООДВЕТЕН ВИД НА РЕВИЗИЈА

Соработката за ревизија меѓу врховните ревизорски институции не е новина, туку постојано се проширува и може да се реализира во многу различни форми.

Вообичаено се прави разлика меѓу:

- консултација: ограничена на споделување информации;
- взаемна поддршка: ревизијата се заснова на ревизорски резултати

разработени од друга врховна ревизорска институција без дуплирање на работата;

- усогласување: ревизии со слична или заедничка ревизорска методологија и пристап;
- заедничка ревизија: ревизорскиот тим е составен од ревизори од поголем број врховни ревизорски институции. Во некои земји, постојат законски ограничувања што не дозволуваат заеднички ревизии бидејќи не постои законско овластување за вршење ревизорска работа надвор од територијата на државата[8].

Додека консултациите и взаемната поддршка во голема мера може да се практикуваат неформално, координираните и паралелните ревизии (врз основа на усогласување) бараат темелна подготовка и договори. Сепак, во многу случаи, учесниците немаат меѓусебни законски обврски и соработката се заснова на принципот на добра волја[9].

Може да се направи разлика меѓу паралелна или истовремена ревизија, координирана ревизија и заедничка ревизија (сп. точка 1.3 погоре). Овие форми на соработка честопати не можат јасно да се издвојат (сп. слика 1 подолу). Степенот на соработка варира во континуитет од паралелни ревизии до заеднички ревизии. Одлуката за тоа каков тип на кооперативна ревизија ќе се спроведува не е толку важна доколку учесниците на врховните ревизорски институции го заземаат истото мислење за сите релевантни точки. Ревизиите кои целосно го исполнуваат описот на концептот „заедничка ревизија“ се ретки и во голем број случаи[10] подлежат на посебни барања.

---

[8] На пример во Австрија; видете го извештајот на ВРИ на Австрија од извршниот директор на колегиумот Маг. Вилхелм Келнер за ревизии на врховни ревизорски институции во глобализирано опкружување (мултилатерални ревизии, координирани ревизии); 19-ти симпозиум на ООН / INTOSAI, Симпозиум за значењето и придобивките од државната ревизија во глобализирано опкружување, 28-30 март 2007 година, Виена, Австрија, страна 90-94
http://www.intosai.org/uploads/anlageie.pdf

[9] Пример: Познавање на тоа кои точки треба да се вклучат во националните извештаи кои треба да се појават паралелно со заедничкиот извештај од ревизијата: („Националните извештаи треба да ги содржат следниве прашања“) на меѓународната координирана ревизија на Фондот за засолништето во Чернобил
http: // www.en Environmental-auditing.org/Portals/0/AuditFiles/Ukraine_ Joint_f_eng_Chernobyl.pdf

[10] Спротивно, пак, ВРИ на Германија може да склучува договори со странски, наднационални или меѓународни органи за ревизија, да формира или прифаќа комисии за извршување индивидуални ревизорски задачи или да преземе ревизорски должности во име на наднационални или меѓународни институции, зависно од овластувањето со меѓународни договори или меѓувладини договори (член 93, став 2, Федерален законик за буџет).

Табела 1 – Карактеристики на кооперативната ревизија (ВИДОВИ НА РЕВИЗИЈА)

| | Паралелна ревизија | Паралелна ревизија | Заедничка ревизија | |
|---|---|---|---|---|
| **Тим** | Национални ревизорски тимови | Национални ревизорски тимови | Заеднички ревизорски тимови | Заеднички ревизорски тимови |
| **Цел** | слична / (делумно) идентична | слична / (делумно) идентична | идентична | идентична |
| **Опфат** | сличен | сличен / (делумно) идентичен | идентичен | идентичен |
| **Методологија** | слична | слична / (делумно) идентична | идентична | идентична |
| **Извршување** | (речиси) истовремено | истовремено | | |
| **Извештај** | Национални ревизорски извештаи | Национални ревизорски извештаи | Заеднички ревизорски извештај | Заеднички ревизорски извештај |
| **Евалуација** | Национални ревизорски тимови | Национални ревизорски тимови | Заеднички ревизорски тимови | Заеднички ревизорски тимови |

## 2.3 ДОВЕРЛИВОСТ

Соработката со врховните ревизорски институции на други земји нужно подразбира споделување на информации. Како по правило, наодите од ревизијата можат да бидат споделени со други тела за ревизија само во случај кога релевантното законодавство го регулира истото.

Затоа, споделувањето на информации треба да биде ограничено на оние врховни ревизорски институции кои работат заедно на проект за соработка, а наодите им се потребни за да можат да учествуваат. Во случај на мултилатерални ревизии, споделувањето на одредени информации може да се ограничи на една ВРИ која ќе има координативна функција.

ВРИ треба да размислат за неопходно споделување, земајќи ги во предвид следниве аспекти:

- вообичаено е доволно да се обезбедат збирни информации за партнерските институции. Како по правило, не е потребно да се доставуваат на партнерските институции целосни ревизорски извештаи кои се доставуваат до националните тела (на пример, Собранието или Владата).
- Доколку споделувањето на податоци е договорено и неопходно за извршување на кооперативната ревизија, личните податоци може да бидат деперсонализирани.
- Одредени класифицирани податоци не смеат да се испраќаат преку електронска пошта или со обична пошта без да бидат криптирани.
- Ревидираниот субјект или другите засегнати страни[11] имаат право да бидат сослушани пред да се испратат ревизорските наоди до други тела - вклучувајќи ги и другите врховни ревизорски институции.
- Врховните ревизорски институции кои соработуваат можат да се договорат информациите да бидат објавени на трети страни само по добиена согласност од врховната ревизорска институција од каде што

[11] Во Германија, ова се однесува на пр. на физички или правни лица кои не се опфатени со правата на ревизијата, но се појавуваат во ревизорските извештаи затоа што се вклучени во извршување на функции во јавната администрација

потекнуваат податоците (види Стандарден договор за ревизија, член 15).

Генерално, воспоставена е регулатива за постапување со одредени податоци. Со оглед на широкиот опфат на овластувања, врховната ревизорска институција вообичаено е одговорна да осигури дека добиените документи и информации се третираат како доверливи и дека се почитуваат специфични одредби за тајност.

Во некои земји, секое повлекување на чувствителни податоци од страна на јавните органи е предмет на правила за приватност. Чувствителните податоци вклучуваат пред сè, лични податоци, т.е. податоци што дозволуваат заклучоци за лични околности на засегнатите граѓани или правни лица. Споделувањето податоци со други тела може да го наруши правото на приватност. Затоа, податоците вообичаено се деперсонализираат секогаш пред да се споделат или објават. Онаму каде е невозможно да се востанови лична идентификација, споделувањето на податоците не се коси со правата на приватност.

Одредени групи на лица се обврзани со посебни правила за професионална тајност (на пр. медицински персонал, лица кои вршат психолошка проценка, адвокати кога даваат совети на нивните клиенти). Оние кои во текот на својата ревизорска работа ќе обезбедат информации за кои важат правилата за професионална тајна, делумно ја имаат истата должност за тајност и, во случај на повреда на правилата, се соочуваат со истите казнени санкции како и другите професионалци.

Покрај правилата за општа службена и професионална тајна, треба да се почитуваат и специфичните правила за тајност. Во многу земји, овие вклучуваат поштенска и телекомуникациска тајност, даночна тајна и тајност на прашања од социјално осигурување и социјална помош. Покрај тоа, постојат и голем број други законски одредби за приватност, на пр. право на тајност на страните во управна постапка или слични права согласно трговското право.

## 2.4 ФОРМАЛЕН ДОГОВОР ЗА РЕВИЗОРСКА СОРАБОТКА

Во зависност од моделот на ревизорска соработка или од избраниот вид на ревизорска соработка, постои широк спектар на отворени прашања за кои треба да се постигне (многу веројатно обврзувачки) договор од страна на учесничките ВРИ пред почетокот на кооперативната ревизија (сп. Прилог 4 - Стандарден договор за ревизија). Целта е да се спречи било какво одложување на ревизорската работа преку отворена дискусија за сите суштински прашања меѓу сите учесници пред почетокот на ревизијата. Јасните правила на кои се обврзуваат учесничките ВРИ во договорот за ревизија се од особена важност во оперативното донесување одлуки за организациски прашања. При изготвувањето на договорот, секогаш треба да се обрне внимание на заштитата на независноста во однос на ревизиите и собирањето на ревизорски докази.

# 3 РЕДОСЛЕД НА РЕВИЗОРСКИ ЧЕКОРИ

Откако ќе бидат преземени прелиминарните чекори до потпишувањето на формален договор за ревизија, направените аранжмани мора да се применат во пракса. За успех на секоја кооперативна ревизија неопходна е комплетна комуникација меѓу сите учесници[12].

## 3.1 ПОДГОТОВКА НА РЕВИЗИЈАТА

Во текот на подготовката на ревизијата, се спроведуваат сите договори (склучени формално, каде што е применливо) во врска со ревизијата. Ова, пред сѐ, вклучува формирање на еден или повеќе ревизорски тимови, спроведување на потребна обука, утврдување и размена на значајни ризици на национално ниво во врска со темата и целите на кооперативната ревизија, анализа на веќе достапните ревизорски наоди и изготвување на план за ревизијата, вклучително и методологијата што треба да се користи, како и временскиот распоред[13]

[12] Види INTOSAI, 2007, *Сите фази на ревизијата*, стр. 3.

[13] За време на подготовката на координирана ревизија, чекорите што треба да се следат ќе зависат од пристапот што ќе се утврди - заедничка ревизија со посебни ревизорски извештаи или паралелна (истовремена) ревизија со еден заеднички извештај, покрај националните извештаи.

## » Ревизорски тим (-ови)

Што се однесува до изборот на ревизори кои ќе учествуваат, може да бидат соодветни различни пристапи во зависност од избраната форма на ревизија.

Слика 2

| Паралелна ревизија | Заедничка ревизија |
|---|---|
| » Избор на членови на националните ревизорски тимови<br>» Назначување на одговорни национални тим лидери<br>» Размена на информации за ревизорските тимови меѓу учесничките ВРИ<br>» Заеднички координативен состанок на лицата одговорни за ревизорските тимови<br>» Формирање на координативен комитет | » Избор на членови од учесничките ВРИ (4то ниво или повисоко)<br>» Назначување на одговорно раководство на тимот (3то ниво или повисоко)<br>» Ослободување на избраните членови/ревизори од други работни обврски<br>» Прва размена на информации меѓу членовите на ревизорскиот тим<br>» Заеднички подготвителен состанок на ревизорскиот тим<br>» Формирање на управен комитет |

Во случај на заеднички ревизии, препорачливо е да се назначат членовите на ревизорскиот тим уште во формалниот договор за ревизија. Во рана фаза треба да биде назначен најмалку членот кој треба одговорно да ја претставува секоја

врховна ревизорска институција во ревизорскиот тим. Барањата што треба да ги исполнуваат ревизорите-учесници, особено во однос на јазичните вештини, можат навремено да се дискутираат и да се договорат меѓу учесничките ВРИ.

Кога учесничките ВРИ имаат формирано заеднички ревизорски тим, препорачливо е членовите да обезбедат соодветен придонес во работата на тимот во текот на одреден временски период. Освен формалните услови што треба да се исполнат за да се обезбеди истото, ревизорите може во голема мера да бидат ослободени од другите ревизорски обврски. Ваквите аранжмани можат ефикасно да спречат потенцијални конфликти што произлегуваат од паралелни обврски кон различни задачи, што особено може да ја загрози усогласеноста со временскиот распоред договорен за заедничката ревизија.

Надворешната експертиза може да биде, исто така, од корист. Експертите може да бидат од една или повеќе од инволвираните земји и да обезбедат поддршка за работата на ревизијата во корист на сите учесници. Финансирањето на такви експерти може да биде договорено од учесничките ВРИ на почетокот на ревизијата.

## » Тела за раководење и донесување одлуки

Структурата на телата за раководење и донесување одлуки може да варира во зависност од избраната форма на ревизија:

| Слика 3 | |
|---|---|
| **Паралелна ревизија** | **Заедничка ревизија** |
| » Раководењето со националните ревизорски тимови ќе биде одговорност на националните ВРИ<br>» Донесувањето одлуки за националната ревизија ќе биде одговорност на националните ВРИ<br>» Ревизиите ќе бидат координирани од заедничко тело (координативен комитет)<br>» Кога одлуките за одделни прашања треба да се донесат заеднички, истите ќе бидат донесени од носители на одлуки во соодветните национални ВРИ (доколку е потребно) | » Лидерот (-ите) на ревизорскиот тим ќе бидат назначени заеднички од сите учеснички ВРИ<br>» Одлуките за ревизијата во рамките на доделените овластувања ќе бидат донесени од лидерот (-ите) на ревизорскиот тим<br>» Управувањето со ревизијата го врши заедничко тело (управен комитет)<br>» Одлуките за заедничката ревизија надвор од доделените овластувања на лидерот (-ите) на ревизијата ќе бидат донесени од управниот комитет во кој ќе учествуваат сите учеснички ВРИ |

За повеќето паралелни ревизии вообичаено не се потребни заеднички тела за раководење и донесување одлуки. Бидејќи националните ревизии се спроведуваат под одговорност на секоја национална ВРИ, потребно е само координативно тело. Негова задача ќе биде да го обезбеди потребното споделување на информации и координација на националните ревизии.

Спротивно на тоа, во случајот на заедничките ревизии потребно е едно раководство. Заеднички назначениот лидер(-и) ќе ги извршува своите функции во рамките на доделеното овластување. Може да се формира заеднички управен комитет со претставници од сите учеснички ВРИ за да носи одлуки што ги надминуваат овластувањата на раководството. Препорачливо е овие претставници да ги имаат потребните овластувања за носење одлуки за да можат во голема мера да донесуваат одлуки без понатамошни процеси на координација во рамки на нивните национални институции. Доколку ова барање не е исполнето, постои ризик процедурите за координација во рамките на националните врховни ревизорски институции да имаат значително влијание врз спроведувањето на заедничките ревизии.

Доколку треба да се изготви заеднички извештај за резултатите од координираната ревизија, препорачливо е да се формира заеднички комитет за изготвување и координирање на овој извештај. Повторно, националните претставници на овој комитет треба да ги имаат потребните овластувања за донесување одлуки за да постигнат конечен договор за наодите, заклучоците и препораките од заедничкиот извештај.

## » Подготвителни состаноци / обуки

Пожелно е заедничките состаноци на учесниците да се одржуваат пред почетокот на ревизијата(-ите). Нивната цел треба да биде размена на мислења за темата, содржината и последователните фази на планираната ревизија(-ии). Таквите состаноци обезбедуваат форум на кој учесниците може да разговараат за веќе научените лекции, да ги посочат националните особености и да обезбедат соодветно познавање за ревизијата. Во случај на заедничка ревизија, овој прелиминарен состанок, исто така, дава можност членовите на ревизорскиот тим да се запознаат едни со други. Во случај на паралелна ревизија, препорачливо е да

се состанат членовите на координативниот комитет (доколку има).

Покрај тоа, може да биде корисно да се одржат заеднички обуки во рамките на подготовките за кооперативната ревизија. Семинарите и работилниците може да помогнат да се осигура дека учесниците ревизори ја започнуваат ревизијата со исто ниво на знаење.

Во овој контекст, може да е од корист да се повикаат надворешни експерти од меѓународни организации или академии кои веќе се занимаваат со темата за ревизија, во многу случаи од меѓународна перспектива.

## » Спроведување на прелиминарни (национални) студии

Спроведување на прелиминарни студии пред започнување со ревизијата може да биде од корист доколку националните законски и други одредби го дозволуваат истото. Суштинската цел на ваквата прелиминарна студија е да се генерираат основни наоди за ревизијата со помош на истражување, на пр. на интернет или во библиотеки.

Во однос на ова прашање, ВРИ може да ги утврдат и разменат значајните национални ризици во врска со темата и целите на кооперативната ревизија.

Извори на информации за утврдување на ризиците може да бидат, но не се ограничени на, следните:

- буџетски документи на субјектот предмет на ревизија;
- внатрешни упатства и прирачници за работа на субјектот предмет на ревизија;
- претходни наоди од ревизијата;
- извештаи од внатрешна ревизија;
- дискусија со национални раководни тела и клучни засегнати страни;
- податоци од системот за управување со информации.

## » Компилација на резултати од претходни (национални) ревизии

Прибирањето и анализата на резултатите од претходни ревизии кои се однесуваат на слична ревизорска тема е соодветна подготовка за извршување на заедничката

ревизија. Наодите и препораките од претходни ревизии може да укажуваат на потенцијален пристап за заедничката ревизија. Сепак, неопходно е да се земе во предвид степенот до кој релевантната национална состојба може да биде предмет на меѓународна контрола.

## » Подготовка на план за ревизија (вклучително временски распоред)

Најважната компонента во подготовката на ревизијата е изготвување на план за ревизија. Содржината, структурата и пристапот се разликуваат во зависност од формата на ревизијата.

| Слика 4 | |
|---|---|
| **Паралелна ревизија** | **Заедничка ревизија** |
| » Националниот план за ревизија дава контури со споредлива содржина, често врз основа на заеднички модел<br>» Можни се отстапувања / прилагодувања во согласност со релевантната национална правна рамка<br>» Ревизорскиот план треба да биде одобрен од овластени носители на одлуки на соодветната национална ВРИ | » Единствен план за ревизија<br>» Се земаат во предвид националните правни рамки кои ја регулираат работата на учесничките ВРИ<br>» Се одобрува од сите учеснички ВРИ |

Како по правило, планот за ревизија не е составен дел од формалниот договор за ревизија меѓу врховните ревизорски институции. Во случај на заедничка ревизија, истиот ќе мора да биде одобрен најмалку на ниво на управен комитет, освен ако правото на одобрување не е ограничено со националните законски одредби (каде што е применливо) на носителите на одлуки во рамките на учесничките ВРИ. Доколку е така, мора да се обезбеди доволно време за координација.

## » Временски распоред / Акциски план

Планирањето на временскиот распоред на ревизијата (-ите) е основна компонента на планот за ревизија. Кога ревизијата се заснова на формален договор за ревизија меѓу учесничките ВРИ, клучните точки, како што се основните ревизорски чекори, времето / формата на завршување на секој чекор, веројатно се наведени во тој договор. Степенот на прецизност на и обврзаност кон временскиот распоред зависи и од формата на ревизијата.

| Слика 5 | |
|---|---|
| **Паралелна ревизија** | **Заедничка ревизија** |
| » Рамковен временски распоред со основните заеднички развојни етапи, на пр. датуми на започнување и завршување на националните ревизии, известување за наодите од ревизијата, итн.<br>» Општ временски распоред со голема временска флексибилност<br>» Прифаќање на временскиот распоред од сите учеснички ВРИ<br>» Временски распоред за националните ревизии, земајќи ги предвид горенаведените развојни етапи | » Детален временски распоред, земајќи ги во предвид последователните фази на заедничката ревизија<br>» Обезбедување време за различните ревизорски чекори, особено за неопходната координација во рамките на учесничките ВРИ<br>» Одобрување од учесничките ВРИ (управен одбор) |

Кај паралелните ревизии, временскиот распоред обезбедува само рамка во која врховните ревизорски институции треба да ги вршат своите ревизии под сопствена одговорност. Промените во националните ревизии може, но и не мора да влијаат на договорениот временски распоред.

# 3.2 СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕВИЗИЈАТА

При спроведувањето на заеднички ревизии, голем број на специфични карактеристики произлегуваат од соработката и координацијата меѓу учесничките ВРИ. Заедничката ревизија или неколкуте национални ревизии го следат вообичаениот редослед на ревизорски чекори. Во случај на заедничка ревизија, лидерот (-ите) или управниот комитет ја заменуваат ВРИ како тело за донесување одлуки, следење и управување[14].

## » Следење на усогласеноста со временскиот распоред и напредокот на ревизијата

Степенот до кој учесничките ВРИ ја следат усогласеноста со временскиот распоред и напредокот на ревизијата зависи од избраната форма на ревизија.

[14] Во случај на координирана ревизија, спроведувањето на ревизијата ги следи чекорите во зависност од одбраниот пристап, или како заедничка ревизија со посебни ревизорски извештаи или како паралелна (или истовремена) ревизија со еден заеднички извештај покрај националните извештаи.

| Слика 6 | |
|---|---|
| **Паралелна ревизија** | **Заедничка ревизија** |
| » Управувањето со националните ревизии е одговорност на секоја учесничка ВРИ<br>» Сите учесници треба да бидат информирани за било какви значајни отстапувања од временскиот распоред во текот на националните ревизии<br>» Прилагодување на временската рамка се врши со координација меѓу учесничките ВРИ (координативен комитет, каде што е соодветно) | » Управување со заедничката ревизија е одговорност на лидерот (-ите) на ревизијата / управниот комитет<br>» Вклучување на националните врховни ревизорски институции само таму каде што е потребно и на иницијатива на управниот комитет<br>» Прилагодување на временскиот распоред од страна на управниот комитет |

Генерално, паралелните ревизии подразбираат дека учесничките ВРИ имаат суштинска управувачка функција независно една од друга, додека, во случај на заедничка ревизија, оваа функција е делегирана на лидерот на тимот или управниот комитет.

## » Редовно споделување на информации / работни состаноци

Иако комуникацијата е од особено значење при секоја ревизија, таа е неопходна компонента за успехот на кооперативната ревизија. Секогаш кога се чини потребно или препорачливо, целосното споделување на информации треба да

се одвива не само во рамките на ревизорските тимови, туку и меѓу другите одговорни службеници во учесничките ВРИ. Редовното меѓусебно информирање, на пр. за постигнатиот напредок, сите времени наоди генерирани од теренска работа или одговори на субјектите на ревизија, ќе овозможат учесничките ВРИ да ги прилагодат соодветно своите активности, каде што е потребно.

Особено кај паралелната ревизија, споделувањето на информациите може да осигури дека националните ревизии генерираат споредливи резултати. Кога една институција учесник ќе утврди било каква потреба за промена или потешкотија, другите вклучени страни можат да реагираат во рана фаза.

Освен употребата на електронските медиуми (е-пошта, Интернет), соодветна алатка за размена на информации се и редовните заеднички состаноци. Ваквите состаноци поттикнуваат неформални контакти меѓу индивидуалните учесници и создаваат основа за соработка во духот на заемна доверба. Препорачливо е учесниците да се запознаат едни со други преку отворена комуникација и дискусии надвор од формалните состаноци, со што ќе се избегнат потенцијални пречки во кооперативната ревизија.

## » Размена на резултати

| | ВРИ Казахстан; ВРИ Белорусија; ВРИ Русија | Паралелна контрола (ревизија) на извршување на активности за воспоставување на Царинска унија, подготовка и имплементација на документи со кои се регулира интеракцијата меѓу Белорусија, Казахстан и Русија при воспоставување на единствена царинска територија |
| | ВРИ Казахстан; ВРИ Белорусија; ВРИ Русија | Заедничка контрола (ревизија) на спроведувањето на Договорот за воспоставување и примена во Царинската унија на постапката за вклучување и дистрибуција на влезни давачки (други давачки, даноци и такси со еквивалентни ефекти) ) од страна на овластените тела на Белорусија, Казахстан и Русија во 2010-2011 |
| | ВРИ Германија; ВРИ Латвија; ВРИ Русија; ВРИ Словачка, ВРИ Унгарија | За администрација на данок на добивка |
| | ВРИ Германија, ВРИ Латвија; ВРИ Литванија; ВРИ Швајцарија; ВРИ Кипар | За администрација на намалени стапки на данок на додадена вредност |
| | ВРИ Литванија; ВРИ Полска | Размена на информации меѓу даночните администратори во областа на ДДВ |
| | ВРИ Чешка; ВРИ Словачка | Управување со ДДВ |
| | ВРИ Кипар, ВРИ Данска; ВРИ Германија; ВРИ Финска; ВРИ Франција; ВРИ Унгарија; ВРИ Исланд; ВРИ Италија; ВРИ Латвија; ВРИ Литванија; ВРИ Полска; ВРИ Романија; ВРИ Русија; ВРИ Словачка; ВРИ Шведска; ВРИ Швајцарија; ВРИ Велика Британија | Координирана ревизија на даночни субвенции |
| | ВРИ Чешка; ВРИ Словачка | Акциза |

| | | |
|---|---|---|
| **Транспорт и меѓународни прашања** | ВРИ Франција; ВРИ Италија; ВРИ Словенија; ВРИ Унгарија | TEN-T Извештај за ревизорските инвестиции на приоритетниот проект TEN-T |
| | ВРИ Латвија; ВРИ Русија | Регулаторна усогласеност на активностите на институциите вклучени во обезбедувањето меѓународни услуги за патен транспорт и за проценка на спроведувањето на договорот склучен меѓу Република Латвија и Руската Федерација за меѓународен сообраќај на патни возила |
| **Друго** | ВРИ Норвешка; ВРИ Данска; ВРИ Финска | Истрага на Канцеларијата на главниот ревизор за нордиската соработка за подготвеност за поправка на електроенергетскиот систем |
| | ВРИ Чешка; ВРИ Германија | Набавка на јавни згради и спречување на корупција |
| | ВРИ Унгарија; ВРИ Словенија | Ревизија на изградба на пруга Залалово - Бајансение - Ходош - Мурска Собота |

# Прилог 2
# Примери на мисии за кооперативна ревизија

## КООРДИНИРАНА РЕВИЗИЈА

| НАСЛОВ НА РЕВИЗОРСКАТА МИСИЈА | ПЕРИОД | ПРИСТАП НА ИНТЕРНЕТ |
|---|---|---|
| Ревизија на управувањето во оперативниот круг на Заеднички пазар на Јужна Америка (MERCOSUR) | 1999 | http://www.agn.gov.ar/files/ informes/2003_039info_0.pdf |
| Ревизија на оперативните трошоци при копнен транспорт на храна | 2004 - 2005 | http://www.agn.gov.ar/files / informes/2006_170info.pdf Evaluation |
| Евалуација на законот за грантови за животна средина - грантови за животна средина од странство | 2003 | http://www.rechnungshof.gv.at/fileadmin/ downloads/2003/berichte/berichte _bund/ Bund_2003_1.pdf |
| Координирана ревизија на спроведувањето на задачите поврзани со еколошки проекти и мерки во сливот на реката Таја | 2005 | https://www.nku.cz/assets/publications -documents/other-publications/thaya_ river_basin_2005.pdf |
| Искористување на државните финансиски средства наменети за заштита на воздухот и озонската обвивка и имплементација на поврзани меѓународни договори | 2008 | http://www.eurosaiwgea.org/ Environmental%20audits/Air/ Documents/2007Czech%20Словачка% 20 Словенија%20and%20АвстријаFinancia l%20 Means%20Expended%20on%20Air%20 Quality%20Protection.pdf |
| Ревизија на данок на додадена вредност | 2011 | http://www.rechnungshof.gv.at/fileadmin/ downloads/2011/berichte/teilberic hte/bund/ bund_2011_09/Bund_2011_09_1.pdf |

| | | |
|---|---|---|
| EUROSAI WGEA Глобална ревизија за климатските промени - Адаптација кон климатските промени - Дали се подготвени владите? | 1995 - 2012 | https://www.eurosaiwgea.org/ audits/Audit%20documents/Adaptatio n %20to%20Climate%20Change%20-% 20Are%20the%20governments%20prepared. pdf#search=are%20governments%20prepare d |
| Координирана ревизија за работењето на EUROFISC во рамките на Мрежата за борба против ДДВ измами | 2011 - 2013 | Не е објавен |
| Измама со ДДВ во рамките на заедницата | 2009 | https://www.rekenhof.be/EN/Publications / Fiche.html?id=243bc840-fdbf4997-8cc3-485b72e5cc98 |
| Измама со ДДВ во рамките на заедницата. Заеднички follow up извештај | 2011 - 2012 | https://www.rekenhof.be/EN/Publications / Fiche.html?id=eb9ef5b8-01904bae-8de4-0da004c34803 |
| Проекти и мерки за животна средина во сливот на реката Дјаје, финансирани од државни фондови и средства обезбедени за Чешка од странство | 1999-2003 | Веб страна на ВРИ |
| Администрација на ДДВ | 2008-2010 | Веб страна на ВРИ |
| Координирана ревизија на средствата наменети за финансирање на проекти спроведени во рамките на Оперативната програма за прекугранична соработка Чешка - Полска 2007–2013 | 2007-2013 | https://www.nku.cz/assets/publikace / spolecna-zprava-kontrola-opps-cr-polsko-2007-2013.pdf |
| Ревизијата на проектите на Регионалниот фонд на ЕУ со фокус на животната средина и еколошка енергија | 2010 | https://www.nik.gov.pl/plik/id,2062,vp,2549. pdf |
| EUROSAI ревизија за климатските промени | 2006-2008 | http://www.eurosaiwgea.org/ Environmental%20audits/Air/Documents/EU R OBPИ%20Audit%20on%20Climate%20Chan ge. zip |
| Тргување со емисии за ограничување на климатските промени: дали тоа функционира? | 2012 | https://www.eurosaiwgea.org/ audits/Audit%20documents/Emissions%2 0 trading%20to%20limit%20climate%20 change%20-%20Does%20it%20work.pdf |
| Ревизија на националните паркови | 2013-2014 | https://www.eurosaiwgea.org/audits/ Audit%20documents/National%20Parks%20 -%20a%20Cooperative%20Audit.pdf |
| Ревизија на системот за внатрешна контрола на структурните фондови | 2008 | http://www.asz.hu/audit-report/42/report-on-the-audit-of-the-managementand-control-systems-of-the-eu-structural-funds/ report-on-the-audit-of-themanagement-and-control-systems-of-the-eu-structural-funds.pdf |

| | | |
|---|---|---|
| Зачувување на природата на езерото Ферто | 2003 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/nature-conservation -of-the-lake-fert |
| Ревизија на инвестицијата на мостот Марија-Валерија | 2002 | https://intosai-cooperativeaudits.org /catalog/report/audit-of-the-investment-on-maria-valeria-bridge |
| Ревизија на изградбата на железничката линија Залаливо - Бајансенје - Ходош - Мурска Собота | 2003 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/audit-of-the-construction -of-the-railway-line-zalalv-bajnsenye-hodo-murska-sobota |
| TEN- T Извештај за ревизорските инвестиции на приоритетниот проект TEN- T | 2000 - 2010 | http://www.asz.hu/professional-event/introduction-of-the-coordinatedperformance-audit-on-investments-of-ten-t-priority-project- 6/02-normankopasz-introduction.pdf |
| Имплементација на програмата за управување со опасен отпад | 2003 | Не е достапен |
| Координирана ревизија на даночни субвенции | 2006-2008 | http://www.eurosai.org/handle404?exporturi=/export/sites/eurosai/.content/d ocuments/training/training-committe/Report_Coordinated_Audit_en.pdf |
| Извршување на Европската регулатива за испорака на отпад | 2011 - 2013 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/enforcement-of-the -european-waste-shipment-regulation |
| Ревизија на животната средина во сливот на реката Путумајо (се наоѓа во Лорето - Регион Перу). | 1998 - 2008 | http://www.environmentalauditing.org/PORTALS/0/AUDITFILES/КОЛУМБИЈА_ПЕРУ_08_F_ENG_ PPCP.PDF |
| Меѓународна координирана ревизија на Фондот за засолништето во Чернобил | 2007-2008 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/international-co-ordinated -audit-of-chernobyl-shelter-fund |
| Ревизија на проектите на регионалните фондови на ЕУ со фокус на животната средина и еколошката енергија | 2007-2013 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/audit-of-eu-regional-funds-projects-focused-on-the-environment-and-environmentally-friendly-energy |
| Државни средства за третман на опасен отпад (Базелска конвенција) | 2006 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/state-funds-management -and-performance-of-international -obligations-in-hazardous-wastes-treatment -basel-convention |
| Ревизија на животната средина на три-граничната област на Унгарија, Словенија и Австрија | 2000-2005 | https://asz.hu/storage/files/files/Angol_portal/coordinated_audit _reports/0542ar.pdf?ctid=524 |

| | | |
|---|---|---|
| Шведска во Арктичкиот совет - ефективно враќање од членството | 2013 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/Шведска-in-the-arctic-council-effective-return-from-membership-rir-2013-9 |
| Еколошка ревизија во сливот на реката Кататумбо | 2002 | N/A |
| Mercosur Акциска програма за ослободување од болестите шап и лигавка (PAMA) | 2011 - 2012 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/coordinated-audit-of-the-mercosur-free-from-foot-and-mouth- disease-action-program-pama |
| Координирана ревизија на Агро Планот 2003-2015 година за земјоделство и рурален живот во Америка | 2011 | https://www.olacefs.com/wp-content/uploads/2014/08/PLAN_AGRO-.pdf |
| Координирана ревизија на јаглеводороди | 2013 | |
| Координирана ревизија на водни ресурси | 2013 – 2014 | http://190.2.21.145/sites/all/modules/ckeditor/ckfinder/userfilesfiles/Informe%20Extenso%20Auditoria%20Coordinada%20Agua.pdf |
| Координирана ревизија на биодиверзитет | 2014 | |
| Координирана ревизија за управување со информатичката технологија | 2014 | |
| Координирана ревизија на успешноста при спроведувањето на Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за климатски промени | 2005 - 2009 | http://www.environmentalauditing.org/Portals/0/AuditFiles/Brazil_f_eng_OLACEFS_ CoordinatedClimate-Change-Audit.pdf |

# ЗАЕДНИЧКИ РЕВИЗОРСКИ МИСИИ

| НАСЛОВ | ПЕРИОД | ПРИСТАП НА ИНТЕРНЕТ |
|---|---|---|
| Проверка на квалитет во високото образование во Холандија и Белгија Програма за развој | 2007 - 2008 | https://intosai-cooperativeaudits.org /catalog/report/quality-review-in-higher-education-in-the-Холандија -and-in-Белгија-flanders |
| Проверка на квалитет во високото образование во Холандија и Белгија Заеднички follow up извештај | 2008 | N/A |
| Средства наменети за подобрување на животната средина и пејзажот согласно Програмата за развој на руралните средини | 2010-2011 | Веб страна на ВРИ |
| Заедничка контрола (ревизија) на спроведувањето на Договорот за воспоставување и примена во Царинската унија на постапката за вклучување и дистрибуција на влезни давачки (други давачки, даноци и такси со еквивалентни ефекти) ) од страна на овластените тела на Белорусија, Казахстан и Русија во 2010-2011 | 2012 | Ќе биде објавен на веб страната на Комитетот за сметки www.esep.kzbe |
| ИТ ревизија на платежните операции на Кахрама | 12-3-2006 до 30-3-2006 | Не е јавно достапен |

# ПАРАЛЕЛНИ РЕВИЗОРСКИ МИСИИ

| НАСЛОВ | ПЕРИОД | ПРИСТАП НА ИНТЕРНЕТ |
|---|---|---|
| Координирана паралелна ревизија за заштита на Црното Море од загадување | 2006-2010 | http://www.eurosaiwgea.org/Activitiesandmeetings/events2010/Sustainable Energy/Documents/Украина_Black%20Sea.pdf |
| Паралелна ревизија на Судот за ревизија на Австрија и Швајцарскиот федерален завод за ревизија - Контрола на ДДВ | 2005 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/parallel-audit-of-the-Австријан-court-of-audit-and-the-swiss-federal-audit-office-controll-of-vat |
| Извештај за паралелна ревизија на ефикасноста на програмите на структурните фондови во областа на вработувањето и / или животната средина од страна на Работната група за структурните фондови | 2008 | https://www.bundesrechnungshof.de/en/veroeffentlichungen/products/sonderberichte/dateien/report-on-the-parallel-audit-of-the-performance-of-the-structural-funds-programmes-of-the-european-union-in-the-areas-of-employment-and-or-the-environment-by-the-working-group-on-structural-funds/view |
| Извештај за ревизија на животната средина за три-граничната област на Унгарија, Словенија и Австрија – follow up | 2009 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/environmental-audit-report-on-the-three-border-area-of-Унгарија-Словенија-and-Австрија-follow up |
| Ревизија на проекти за спречување на прашина и песочна бура | 2006-2007 | |
| Морско загадување од бродови | 2000-2003 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/marine-pollution-from-ships |
| Данок на додадена вредност и акциза | 2002-2003 | Веб страна на ВРИ |
| Недостатоци во администрацијата на ДДВ по пристапувањето на Чешка во Европската унија | 2004-2005 | Веб страна на ВРИ |
| Државни средства потрошени за подобрување на чистотата на водата во сливот на Одер | 2001 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/state-funds-spent-on-the-enhancement-of-purity-of-water-in-the-oder-watershed |

| | | |
|---|---|---|
| Државен имот и финансиски средства доделени за покривање на работата на Управата за објекти за бегалци на Министерството за внатрешни работи | 2001-2003 | Веб страна на ВРИ |
| Паралелна ревизија на процесите за идентификување, известување и следење на неправилностите од страна на Работната група за структурни фондови II | 2004-2005 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/parallel-audit-on-the-processes-for-identifying-reporting-and-following-up-on-irregularities-by-the-working-group-on-structural-funds-ii |
| Средства наменети за развој на автопатот Д8 | 2005-2006 | Веб страна на ВРИ |
| Паралелна ревизија на трошоците за контрола на структурните фондови спроведени во ревизијата на NKU „Средства наменети за проекти за транспортна инфраструктура во рамките на регионалните оперативни програми“ | 2007-2009 | Веб страна на ВРИ |
| Државни средства наменети за поддршка и интеграција на лица со инвалидитет | 2006-2009 | https://www.nku.cz/assets/publications-documents/other-publications/joint-report-programmes-measures-aimed-at-increasing-employment-of-disabled-persons.pdf |
| Набавка на јавни згради и спречување на корупција | 2008-2012 | http://www.nku.cz/assets/publikace/spolecna-zprava-nku-a-brh-2013_1.pdf |
| Заеднички финален извештај за наодите во врска со спроведувањето на одредбите од Конвенцијата за заштита на морската средина во областа на Балтичко Море (Хелсиншка Конвенција) 2001 година | 1996-1999 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/joint-final-report-on-findings-concerning-the-implementation-of-provisions-of-the-convention-on-the-protection-of-the-marine-environment-of-the-baltic-sea-area-the-helsinki-convention-2001 |
| Заеднички финален извештај за втората ревизија на спроведувањето на одредбите од Конвенцијата за заштита на морската средина во областа на Балтичко Море (Конвенција од Хелсинки): Загадување од бродови во Балтичко Море 2005 година | 2000-2003 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/joint-final-report-on-the-second-audit-of-implementation-of-provisions-of-the-convention-on-the-protection-of-the-marine-environment-of-the-baltic-sea-area-the-helsinki-convention-pollution-from-ships-in-the-baltic-sea-2005 |
| Заеднички финален извештај за ревизијата на мониторингот на животната средина и управувањето и контролата на риболов во Балтичко Море 2009 година | 2008 | https://www.eurosaiwgea.org/audits/Audit%20documents/Report%20on%20Audit%20of%20Environmental%20Monitoring%20and%20Fisheries%20Management.pdf#search=joint%20fina l%20report%20on%20the%20audit%20o f%20environmental%20monitoring |

| | | |
|---|---|---|
| Извештај за имплементација на Мрежата NATURA 2000 во Европа | 2005 | http://www.eurosaiwgea.org/ Activitiesandmeetings/events2009/More7/ Docu ments/Франција%20Jerome%20Brouillet%20 Natura%20Presentation.pdf |
| INTOSAI WGEA глобална координирана ревизија за климатските промени | 2007 - 2010 | https://www.environmental-auditing.org /media/2509/15220-e_wgea-coordinated -international-audit-on-climate -change-lessons-learned.pdf |
| Ефективност на мерките за подобрување на статусот на езерото Пејпус | 2011 | https://www.riigikontroll.ee/ tabid/206/Audit/2233/Area/15 / language/en-US/Default.aspx |
| Граничен премин за товарни возила на копнената граница помеѓу Естонија и Русија | 2011 | https://www.riigikontroll.ee/Audite eritavaile/Audititeplaan/L%C3%B5ppenud auditid/tabid/284/AuditId/ 166/language/en-US/Default.aspx |
| Извештај за трошоците за контрола на структурните фондови | 2008 | http://www.ECP.europa.eu/sites/cc/Lists/ CCDocuments/8729516/8729516_E N.PDF |
| Паралелна ревизија за „Користење на јавни средства за изградба на автопат“ | 2009-2011 | http://www.nku.gov.sk/ documents/10272/994727/2012+ + Construction+of+freeways.pdf |
| Извештај за паралелна ревизија за поедноставување на регулативата за структурните фондови | 2012 - 2013 | http://www.ECP.europa.eu/sites/cc/en/Pages/ WorkingGrouponStructuralFund s.aspx |
| Извештај за паралелната ревизија на системите за управување и контрола на помошта дадена во рамките на структурните фондови | 2004 | http://www.ECP.europa.eu/sites/cc/en/Pages/ WorkingGrouponStructuralFund s.aspx |
| Извештај за паралелна ревизија на ефективноста на програмите на структурните фондови на ЕУ во областите на вработување и / или животна средина | 2000 - 2006 | http://www.ECP.europa.eu/sites/cc/en/Pages/ WorkingGrouponStructuralFund s.aspx |
| Подготвеност за контрола на поплави во регионот Горна Тиса | 2004-2005 | https://www.eurosaiwgea.org/ audits/Audit%20documents/Report% 20on%20Auditing%20the%20Flood% 20Control%20Preparedness%20in%2 0the%20Upper%20Tisza%20Region.pdf # search=The%20flood%20control%20 preparedness%20in%20the%20Upper %20Tisza%20region |

| | | |
|---|---|---|
| Изградба на основниот тунел Лоштеберг и мостот Шексард на Дунав | 2005 | https://www.intoВРИcbc.org/download/2005-building-lotschberg-basic-tunnel-and-szekszard-danube-bridge/ |
| Извештај за швајцарско-унгарската паралелна ревизија | 2005 | https://www.intoВРИcbc.org/download/ 2005-report-on-the-swiss-hungarian-parallel-audit/ |
| Паралелна ревизија на фазата за рехабилитација и реконструкција по катастрофи | 2012 - 2013 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/parallel-audit-on-disaster-rehabilitation-and-reconstruction-phase |
| Паралелна меѓународна ревизија за намалување на ризикот од катастрофи | 2010 - 2012 | https://www.intoВРИcbc.org/download/2010-12-parallel-international-audit-on-disaster-risk-reduction/ |
| Ревизија на управување со шумарството | 2008 | N/A |
| Ревизија на побарувања од данок | 2009 | N/A |
| Ревизија на управувањето со мангрово дрво | 2011 | N/A |
| Нелегален, нерегулиран и непријавен риболов - IUU риболов | 2012 | N/A |
| Управување со шумите и неговото влијание врз климатските промени | 2013 | N/A |
| Шумарство, планирање на користењето на земјиштето и неговото влијание врз климатските промени | 2014 | N/A |
| Експертско-аналитички активности «Следење при спроведување на заеднички проекти Казахстан-Русија во сферата на енергетиката според Договорот меѓу Владата на Република Казахстан и Владата на Русија за изградба и понатамошно експлоатирање на третиот блок Ekibastuz GRES-2» (Оренбург, 11 септември 2009) | 2009-2014 | www.esep.kz |
| Ревизија на реализацијата на Рамковната Конвенција за заштита на морската средина на Каспиското Море | January 1, 2004 - September 2006 | www.esep.kz |

| | | |
|---|---|---|
| Паралелна контрола (ревизија) при извршување на активности за воспоставување на Царинска унија, подготовка и имплементација на документи со кои се регулира интеракцијата меѓу Белорусија, Казахстан и Русија при воспоставување на единствена царинска територија | 2010 - 2011 | Website of the Accounts Committee www.esep.kz |
| За администрација на данок на добивка | Извршена: 2007 Опфатен период: 2005-2006 | http://www.lrvk.gov.lv/uploads/Majaslapa%20 ENG/Audit%20report/2007/5 .1-2-4_2007/ rev_uin_adm_audit_report.pdf |
| За администрација на намалени стапки на данок на додадена вредност | Извршена: 2007 Опфатен период: 2005-2006 | https://intosai-cooperativeaudits.org /catalog/report/on-administration -of-reduced-rates-of-value-added-tax |
| Активности на јавните органи за обезбедување движење на стоки и други предмети преку граничните премини меѓу Латвија и Русија | од 01.01.2008 до 30.06.200 9 | http://www.lrvk.gov.lv/en/revizija/ activity-ministry-agriculture-institutionssubordinated-thereto-relation-supervision-handling-food-administrationfood-products-export-Русијan-federation/ |
| „Ефективност на трошоците и усогласеност со законските акти на системот за администрација на структурните фондови на Европската унија“ во рамките на паралелната ревизија „За трошоците на контролите“ | Извршена: 2009 Опфатен период: 2007-2009 | http://www.lrvk.gov.lv/uploads/Majaslapa%20 ENG/Audit%20report/2009/5 .1-2-25_2009/ zin_esfondi_7janv2010_eng.pdf |
| Дејност на Министерството за земјоделство и подредените институции во врска со надзорот над управувањето со храна и администрацијата на извозот на прехранбени производи во Русија | 2009 | Website of the ВРИ of Latvia http://lrvk.gov.lv/ upload/informativais_zinojums_14Dec2009_ ENG.pdf |

| | | |
|---|---|---|
| За активностите на одговорните институции на Република Латвија и Руската Федерација во исполнувањето на обврските што произлегуваат од Договорот на Владата на Република Латвија и Владата на Руската Федерација за социјална заштита на воените пензионери на Руската Федерација што престојуваат на територијата на Република Латвија и членовите на нивните семејства и за статусот на гробниците на Латвија на територијата на Руската Федерацијата и статусот на гробниците на Русија на територијата на Република Латвија | 2011 | http://www.lrvk.gov.lv/en/revizija/activities-responsible-institutions-republic-Латвија-Русија -federation-fulfilment-obligations-arising -agreement-government-republic/ |
| Регулаторна усогласеност на активностите на институциите вклучени во обезбедувањето меѓународни услуги за патен транспорт и за проценка на спроведувањето на договорот склучен меѓу Република Латвија и Руската Федерација за меѓународен сообраќај на патни возила | 2013 | N/A |
| Ефикасност на процесот на издавање на биометриски пасоши и придружните информациски системи | Извршена: 2014 Опфатен период: 2013-2014 | http://www.lrvk.gov.lv/uploads/ Majaslapa%20ENG/Audit%20report/ 2014/2.4.1-10_2014/zinojums _bez_ipinformacijas_en.pdf |
| Одржување на инфраструктурата за снабдување со вода на урбаните области | 2001-2003 | http://www.environmentalauditing.org/ PORTALS/0/AUDITFILES/BOTSWANA_S_ ENG_MAINTE NANCE%20OF%20URBAN%20 WATER%20SUPPLY.PDF |
| Размена на информации меѓу даночните администратори во областа на ДДВ | 2006 | N/A |
| Ревизија на проценка на ефикасноста на активностите на државните органи (службите) на граничните контролни пунктови меѓу Руската Федерација, Република Белорусија, Република Литванија и Република Полска за контрола на движењето на стоки и возила | 2009 | http://www.vkontrole.lt/en/docs/ Memorandum_with_supplement_eng.pdf |

| | | |
|---|---|---|
| Паралелна ревизија на осигурување на епизоотична безбедноста во Република Полска, Република Литванија и Словачка по пристапувањето во Шенген-зоната | 2007 - 2009 | http://www.vkontrole.lt/en/docs/110118_final_report_epizootic_safety.pdf |
| Програми / мерки насочени кон зголемување на вработеноста на лицата со инвалидитет | 2006 - 2009 | http://www.nku.cz/downloads/ostatni-publikace/joint-report-programmesmeasures-aimed-at-increasing-employment-of-disabled-persons.pdf |
| Заштита на подземните води на Малта | Крај на октомври 2011 | https://www.eurosaiwgea.org/audits/Audit%20documents/Safeguarding%20 Малта's%20Groundwater.pdf |
| Истрага на Канцеларијата на главниот ревизор за нордиската соработка за подготвеност за поправка на електроенергетскиот систем | 2007-2008 | https://www.riksrevisjonen.no/en/Reports/Pages/Dokumentbase_Eng_Doc_3_16_2007_2008.aspx |
| Влијание на економските активности врз животната средина на шумата Бијасовиеја | 1995 | https://www.eurosaiwgea.org/audits/Audit%20documents/Bialowieza%20Forest.pdf |
| Управување со државните буџетски средства и државниот имот во администрацијата на Националниот парк Пиенини | 2000 | http://www.eurosaiwgea.org/Environmental%20audits/Ecosystems/Documents/2000-Полска%20Slovak%20Republic-Pieniny%20Park.pdf |
| Национални паркови во полско-словачката гранична област | 2005 | http://www.nku.gov.sk/documents/10272/994727/2007++National+parks.pdf |
| Спроведување на мерки за заштита од поплави на прекуграничните води на Украина и Полска | 2005 - 2006 | https://www.eurosaiwgea.org/audits/Audit%20documents/Summary%20Joint%20Report%20on%20Auditing%20Implementation%20of%20Flood%20Control%20Measures%20on%20Transboundary%20Waters.pdf |
| Влијание на економската активност врз животната средина на шумата Бијасовиеја | 1995 | http://www.eurosaiwgea.org/Environmental%20audits/Ecosystems/Documents/1995-Полска%20Белорусија-Bialowieza%20 Forest.pdf |
| Паралелна ревизија на заштитата на реката Буг | 2003-2006 | N/A |
| Патни контролни точки на полско-украинската граница | 2000-2004 | 2000-2004 http://www.ac-rada.gov.ua/img/files/auditkomukrpl.pdf |

| | | |
|---|---|---|
| Имплементација на Договорот од 6 јули 1995 година меѓу Полска и Словачка за правните односи и соработката на заедничката државна граница | 2007-2013 | N/A |
| Ефективноста на програмите на структурните фондови на ЕУ во областите на вработување и / или животна средина | 2000 - 2013 | http://www.environmentalauditing.org/Portals/0/AuditFiles/WG_Structural_funds_f_eng.pdf |
| Паралелна ревизија на спроведувањето на Конвенцијата за движење на опасен отпад преку државните граници и нивно отстранување (Базелска конвенција) | 2008-2010 | http://www.eurosaiwgea.org/Environmental%20audits/Waste/Documents/2012%20-%20Унгарија%20-%20EU-regulations- on-wasteshipment_s_eng_.pdf |
| Паралелна ревизија на заштита на водите во сливното подрачје на реката Буг од загадување | 2003-2005 | N/A |
| Паралелна ревизија за подготовка на Полска и Украина за Европско првенство во фудбал EURO 2012 | 2012 | N/A |
| Имплементација на оперативната програма за прекугранична соработка меѓу Полска и Словачка 2007-2013 година | 2007-2013 | www.nku.gov.sk/documents/10272/994727/2014++Trans+border+cooperation+2007-2013.pdf |
| Хелсиншка Конвенција – Заштита на водите | 2002 | www.nku.gov.sk/documents/10272/994727/2002++Helsinsky+Convention+-+Waters+protection.pdf |
| Управување со ДДВ | 2005 | www.nku.gov.sk/documents/10272/994727/2005+-+VAT+management.pdf |
| Акциза | 2006 | www.nku.gov.sk/documents/10272/994727/2006+-+Excise+duty.pdf |
| Планинска служба за спасување, туризам | 2014 | www.nku.gov.sk/documents/10272/994727/2014+Mountain+rescue+service+-+tourism.pdf |
| Ревизија на изградбата на пруга Залалово - Бајансение - Ходош - Мурска Собота | 2001- | http://www.environmentalauditing.org/Portals/0/AuditFiles/hu171eng03ar_sum_312_zalalovo.pdf |

| | | |
|---|---|---|
| Имплементација на Договорот за прекугранични проблеми со водите потпишан од Владата на Словачка и Владата на Украина | 2006 | http://www.eurosaiwgea.org/Environmental%20audits/Water/Documents/2007-Slovak%20Украина-Joint%20 Repor%20Water.pdf |
| Трошоци за контрола - вработување во оперативна програма во Австрија 2007-2013 година - Европски социјален фонд (ESF) и Европски фонд за рурален развој (ERDF) (Работна група за структурни фондови) | 2011 | http://www.rechnungshof.gv.at/fileadmin/downloads/2011/berichte/teilberic hte/bund/bund_2011_03/Bund_2011_03_3.pdf |
| Извештај за паралелна ревизија за анализа (на типови) на грешки во ЕУ и националните јавни набавки во рамките на програмите за структурни фондови | 2014 | http://www.lrvk.gov.lv/uploads/Majaslapa%20ENG/Audit%20report/2014/2 .4.1-25_2014/strukturfondi_zinojums.pdf |
| Спроведување на заемни обврски од договори со Rosoboronexport и извршување на државните финансиски расходи | 2008 - 2009 | N/A |
| Паралелна контрола (ревизија) со Сметководствената комора на Украина за ефикасноста на користењето на буџетските средства наменети за итна елиминација | | Bulletin of the Accounts Committee, IV quarter 2008 issue, |
| Прекугранични прашања - отпад | 2004 - 2007 | www.nku.gov.sk/documents/10272/994727/2008 +- +Cross+border+issues++waste.pdf |
| Прекугранично движење на отпад меѓу Полска и Руската Федерација | 2007 | N/A |
| Ревизија на зачувување на биолошката разновидност на подрачјето на планираните регионални паркови Снежник и Кожевско Колпа и во Националниот парк Рисњак | 1996-2005 | https://intosai-cooperativeaudits.org/catalog/report/audit-on-the-conservation-of-biodiversity-on-the-area-of-the-planned-regional-parks-sne-nik-and-koevsko-kolpa-and-in-risnjak-national-park |

# Прилог 3
# Контролна листа за ревизии со други ВРИ

Оваа контролна листа има за цел да обезбеди насоки за сите ВРИ кога сакаат или кога треба да извршат кооперативна ревизија. Земајќи ја во предвид структурата на оваа контролна листа, многу ВРИ ќе ја потврдат својата заложба за вклучување во кооперативна ревизија.

## 1) Преамбула

- Дали причините за и целите на ревизијата треба да бидат наведени во преамбулата?

## 2) Учесници

- Кои ВРИ учествуваат во ревизијата? Дали сите потенцијално заинтересирани ВРИ биле информирани за мисијата на ревизијата?
- Кои организациски единици во ВРИ служат како контакт за обезбедување информации поврзани со ревизијата?
- Може ли да се приклучат други ВРИ откако ќе започне ревизорската мисија?
- Колку ревизори треба да има ревизорскиот тим?

## 3) Опис на предметот на ревизорската мисија

- Каков вид ревизорска мисија треба да се спроведе?
- Кој е насловот на ревизијата?
- Која е темата за ревизија? Дали темата за ревизија е јасно дефинирана?
- Кому е упатена ревизијата?
- Која форма на ревизија се стремат да ја постигнат учесничките ВРИ?
- Кои цели треба да ги оствари ревизијата?
- Кои области треба да ги опфати ревизијата? И кој е фокусот на ревизијата?
- Кој е опфатот и длабочината на ревизијата?
- Дали ВРИ ќе биде заинтересирана да ја води координацијата на ревизијата? (ако е соодветно)

## 4) Подготовка на ревизијата

- Дали назначените ревизори треба да бидат именувани во договорот?
- Како ревизорите се подготвуваат за ревизијата? Дали треба да се одржи почетен состанок?
- Дали ревизорите треба да поседуваат специфична квалификација? Дали се достапни ревизори со таа квалификација?
- Дали се земени во предвид ревизорските наоди кои се веќе достапни на ВРИ?
- Кои методи ќе се користат за собирање и анализа на ревизорските докази?

## 5) Модалитети на ревизијата

- Која временска рамка (почеток, крај) е утврдена за ревизијата? Дали е подготвен временски распоред?
- Врз која основа учесничките ВРИ ја вршат ревизијата? Кои стандарди се применуваат?
- Дали ВРИ можат да користат и надворешна експертиза?
- Кои се деталните аранжмани за соработка меѓу учесничките ВРИ? Дали ревизијата треба да биде следена од ВРИ?
- Во која форма и до кој степен учесничките ВРИ ќе споделуваат информации?
- Дали овие информации ќе подлежат на ограничувања, на пр. во однос на доверливоста?

- Дали процесот на ревизија е поделен на неколку фази? Дали ќе се изготвуваат извештаи за напредокот? Дали ќе има специфичен формат за извештаите?
- Дали е утврден заеднички работен јазик? Дали има потреба од превод?
- Дали ќе има проверка на осигурувањето на квалитет?
- Кој ќе биде одговорен за изготвување на извештајот?
- Кои извори на информации ќе ги имаат на располагање или ќе им бидат потребни на учесничките ВРИ?
- Колку често ревизорскиот тим ќе ги споделува своите наоди? На кој начин?

## 6) Финансиски аранжмани

- Како се распределуваат трошоците за ревизијата меѓу ВРИ? Дали има пропорционален аранжман?
- Дали има потреба од воспоставување заеднички буџет за ревизорската мисија?
- Дали постои можност за финансирање од трети страни? Кои аспекти ќе ги опфати?
- Дали ќе има одредено тело за следење на ревизијата?
- На кој начин ќе се формира ова тело за следење? (управен комитет / координативен комитет)

## 7) Резултат од ревизијата

- Во каква форма ќе се известува за резултатите од ревизијата?
- На кој јазик ќе се изготвува извештајот и до кого ќе биде упатен? Ако извештајот се изготвува на повеќе јазици, која верзија ќе биде официјална?
- Кои методи ќе се користат за анализа на наодите, заклучоците и препораките во ревизорскиот извештај?
- Под кои услови ВРИ може да ја прекине ревизорската работа?
- Дали учесничките ВРИ ќе вршат евалуација на ревизорската мисија?
- Кога и како ќе биде соодветно да се изврши заедничка follow up ревизија?

## 8) Други аспекти

- Дали има одредено културолошко прашање што треба да го знаат ВРИ-учесничките?

# Прилог 4

# Стандарден договор за ревизија

**Содржина**

*Листа на кратенки*
Преамбула / Вовед Општи принципи
Член 1 Учеснички ВРИ
Член 2 Наслов на ревизија
Член 3 Предмет на ревизија
Член 4 Тип на ревизија
Член 5 Карактер / Вид на ревизија
Член 6 Цел(и) на ревизијата
Член 7 Методологија
Член 8 Критериуми за ревизијата
Член 9 Ревизорски тим(-ови)
Член 10 Временски распоред на ревизијата
Член 11 Процедури за координација и следење
Член 12 Подготовка
Член 13 Спроведување на ревизијата
Член 14 Размена на информации
Член 15 Доверливост / Заштита на сопственички права
Член 16 Вид на известување за ревизијата
Член 17 Известување до националната Влада / Собрание
Член 18 Услуги за превод и толкување
Член 19 Трошоци за ревизијата / распределба на трошоци
Член 20 Буџет за ревизија
Член 21 Решавање на конфликт
Член 22 Дополнителни информации
Член 23 Измени или дополнувања

**Преамбула / Вовед**

*Позадина на ревизијата, општи цели, национални закони и регулативи на ВРИ*

Овој Договор е склучен меѓу претставниците на... (ВРИ) и .. (ВРИ) по нивните претходни меѓусебни преговори во врска со соодветните активности за...

**Општи принципи**

*Стандарди за ревизија на меѓународни професионални тела, повикување на упатства*

Овој договор се заснова на принципите утврдени во објавата „...". Договорот, исто така, се заснова на научените лекции од заедничките активности во рамките на...

**Член 1 Учеснички ВРИ**

*Имиња на сите институции што учествуваат*

... (ВРИ) и... (ВРИ) (во натамошниот текст „договорни страни") се страни на овој Договор.

**Член 2 Наслов на ревизија**

*Наслов на ревизијата (национален)*

Договорните страни се согласија да соработуваат за ревизија на...

**Член 3 Предмет / опфат на ревизијата**

*Предмет / опфат на ревизијата (детален опис, вклучително било какви национални особености)*

Договорните страни се согласија да извршат ревизијата наменета за... Тие, исто така, ќе се фокусираат на тоа како секоја од земјите...

**Член 4 Тип на ревизија**

*Соработка во форма на паралелна, заедничка или координирана ревизија*

Соработката меѓу договорните страни ќе биде во форма на координирана ревизија. Координираните ревизии се паралелни ревизии со заеднички извештај дополнет со посебни национални извештаи. Паралелната ревизија се дефинира како ревизорска мисија што ја извршуваат одделни ревизорски тимови на учесничките ВРИ.

**Алтернативно**:

Соработката меѓу договорните страни ќе биде во форма на координирана ревизија. Координираните ревизии се дефинираат како симултани ревизии со единствен заеднички извештај, покрај посебните национални извештаи.

Истовремената ревизија се дефинира како ревизорска мисија спроведена повеќе или помалку симултано од страна на... (ВРИ) и... (ВРИ), но со посебен тим за ревизија од секоја ВРИ која поднесува извештај само до својот законодавен дом и само за наодите и заклучоците во врска со нејзината земја.

**Алтернативно**:

Двете договорни страни ќе ги извршуваат своите ревизии независно на територијата на нивната земја. Ова не го исклучува учеството на ревизори од другата земја во ревизорската работа спроведена во земјата домаќин. Двете договорни страни ги почитуваат ограничувањата што произлегуваат од основните регулативи за ревизија и применливите правила за тајност во секоја од двете земји.

**Член 5 Карактер / Вид на ревизија**

*Ревизија на законитост / регуларност / успешност*

Фокусот на ревизијата ќе биде на регуларноста и финансиската усогласеност на...

**Алтернативно**:

Ревизијата е ревизија на усогласеност и ревизија на успешност, фокусирана на имплементација, ефективност и ефикасност.

**Алтернативно**:

Карактерот на ревизијата ќе биде ревизија на успешност дефинирана како што е опишано во ревизорските стандарди на INTOSAI и стандардите за ревизија на ЕУ.

**Алтернативно**:

Ревизијата е насочена кон економично, ефективно и ефикасно искористување на јавните средства.

**Член 6 Цел (и) на ревизијата**

*Опис на заедничките цели на ревизијата, како и на националните цели надвор од*

*заедничките цели*

Ревизијата во ... ќе биде насочена кон мерењата во врска со..., како и ефикасноста и економичноста на резултатите од вложените средства и меѓународната соработка во рамките на нашите мандати.

**Алтернативно**:

Ревизијата е насочена кон прегледување на релевантното законодавство со кое се регулира ... во врска со прашањата како усогласеност, спроведување и добра пракса.

Ревизијата ќе вклучува анализа на... и проверка како... се следат.

**Член 7 Методологија**

*Заеднички стандарди за ревизија (INTOSAI / EUROSAI или други регионални работни групи / меѓународни стандарди на други професионални тела / национални, заеднички стандарди; национални отстапувања, каде што е применливо, ќе се користи ревизорската методологија во согласност со*

- Стандарди за ревизија на INTOSAI
- Стандарди за ревизија на EUROSAI
- Национални стандарди и упатства за ревизија

**Алтернативно**: Применетата методологија треба да биде во согласност со

•... 21

**Член 8 Критериуми за ревизија**

*Наведување на заеднички релевантни области за ревизија (прашања на кои треба да се фокусира ревизијата); национални отстапувања, каде што е применливо*

Договорните страни ќе ги применат истите ревизорски критериуми со цел да се олеснат меѓународните споредби. Ревизорските прашањата ќе се оценуваат од гледна точка на усогласеност со националните законски прописи и обврски што произлегуваат од релевантното национално законодавство, правото на ЕУ и меѓународното право.

**Алтернативно**:

Финансиските, економските и еколошките прашања ќе бидат оценети во ревизии на

успешност на економичноста, ефикасноста и ефективноста на субјектите што се предмет на ревизија.

**Алтернативно**:

Финансиските, економските и еколошките прашања ќе бидат оценети во однос на усогласеноста со националното законодавство и обврските утврдени во меѓународните конвенции, протоколи и директивите и упатствата на ЕУ.

**Член 9 Ревизорски тим(-ови)**

*Имиња на ревизорите кои ќе учествуваат и нивните функции (на пр. национални координатори); претходно (ревизорско) искуство; постапка во случај кога учесниците треба да бидат заменети*

ВРИ

Г-дин..., директор

Г-дин..., виш ревизор

**Алтернативно**:

Лидер на проектот:

Координатор на кооперативната ревизија:

Раководител на кооперативната ревизија:

**Член 10 Временски распоред / Акциски план за ревизија**

*Временски распоред / акциски план за извршување на ревизијата, вклучувајќи важни развојни етапи и работни состаноци*

Националната ревизија треба да започне најдоцна до... и треба да заврши најдоцна до (конечна верзија на текст).

**Алтернативно**:

... (ВРИ) и... (ВРИ) ќе започнат со национална ревизорска работа на... и ќе завршат со истата на...

**Член 11 Процедури за координација и следење**

*Раководење со и координација на ревизијата; координација на последователните*

*ревизорски чекори; следење на усогласеноста со временскиот распоред и напредокот на ревизијата; изработка на времени извештаи. За таа цел, учесничките ВРИ треба да назначат или Координативен комитет или Управен комитет, во зависност од избраната кооперативна ревизија. Покрај тоа, препорачливо е да се утврдат средства за комуникација, како што се состаноци лице в лице, е-пошта, видео конференција, итн.*

ВРИ ќе ги координираат своите временски распореди и ревизорски планови. Доколку работата на терен генерира нови наоди за кои се чини дека е потребна координација за понатамошна постапка, претставниците на ВРИ, доколку е потребно, ќе се состанат во краток рок за да ги споделат научените лекции. ВРИ ќе организираат работни состаноци на договорените датуми, на кои ќе ги споделат добиените ревизорски докази и ќе разговараат за понатамошната постапка. Секоја ВРИ ќе изготви времени извештаи до... и до... а овие извештаи ќе бидат достапни за другите учеснички ВРИ без одлагање. Доколку е соодветно, учесничките ВРИ можат да формираат поткомитети за споделување на обемот на работа.

**Член 12 Подготовка**

*Чекори за подготовка на ревизорската мисија (на пр. заеднички работилници, обуки, семинари); споделување на научени лекции и информации за веќе достапни ревизорски наоди*

**Член 13 Спроведување на ревизија**

*Имиња на националните тела што треба да се ревидираат; спроведување на заедничка работа на терен*

**Член 14 Размена на информации**

*Природа и обем на размена на информации; интервали и мотиви за размена на информации; метод на размена на информации (е-пошта, датотеки, времени извештаи)*

Размената на информации меѓу договорните страни, вклучително идните состаноци и консултации, ќе бидат договорени според барањата на договорот. За таа цел може да се користи електронска пошта.

**Член 15 Доверливост / заштита на сопственички права**

*Аранжмани за зачувување на доверливоста на информациите (правила за службена тајна, даночна тајна, трговски тајни); размена на информации, деидентификација*

Сите ревизори треба да ја почитуваат доверливоста на информациите стекнати за време на вршење професионални услуги и не треба да користат или да обелоденуваат било какви такви информации без соодветно и специфично овластување, освен ако има законско или професионално право или должност за обелоденување.

**Член 16 Вид на известување за ревизијата**

*Природа и обем на известување (заеднички извештај / идентично структурирани национални извештаи / национални извештаи)*

По завршувањето на ревизорската работа, секоја ВРИ ќе изготви национален ревизорски извештај. Учесничките ВРИ ќе ги разменат текстовите на националните ревизорски извештаи во согласност со соодветните законски одредби што ја регулираат нивната работа. Овие национални извештаи ќе послужат како основа за изработка на конечен заеднички ревизорски извештај за резултатот од ревизорската работа.

**Член 17 Известување до националната Влада / Собрание**

*Известување до национални / меѓународни тела (Собрание, Влада, министерства); употреба на информации обезбедени од другите учеснички ВРИ*

Договорните страни ќе имаат слобода да одлучат дали и во каква форма ќе го презентираат резултатот од координираната ревизија на соодветните национални парламентарни тела. Истото ќе важи и за меѓународните институции, во кој случај страните од овој договор ќе ја координираат својата комуникација.

**Член 18 Јазик, превод и толкување**

*Утврдување на работен јазик за процесот на ревизија; Договори за употреба на националните јазици и / или заеднички јазик; преводи и толкување за време на состаноците.*

Сите официјални документи засновани на соработката меѓу... (ВРИ) и... (ВРИ) ќе бидат напишани на англиски јазик.

Информациите за координираните резултати од ревизијата ќе бидат споделени во заедничкиот ревизорски извештај. Воведната заедничка изјава ќе биде на... јазици... проследена од збирните ревизорски извештаи на соодветните национални јазици и на англиски јазик. Конечните препораки ќе бидат на... јазици.

**Член 19 Трошоци за ревизијата / распределба на трошоци**

*Листа на видови на трошоци (на пр. патување, печатење и фотокопирање) што треба да ги сносат одделно учесничките ВРИ; распределба на заедничките трошоци*

Страните на овој Договор ќе ги сносат трошоците направени во врска со извршувањето на заедничките ревизии за нивните вработени, услугите за превод и толкување и полисите за осигурување.

**Член 20 Буџет за ревизија**

*Усвојување на заеднички буџет за ревизија, вклучувајќи ги и одредбите за финансирање; процедура за управување и сметководство*

**Член 21 Решавање на конфликт**

*Аранжмани за решавање на спорови (фази на ескалација, овластувања за донесување одлуки)*

**Член 22 Дополнителни информации**

*Други релевантни прашања за ревизијата*

Прилог ... на овој Договор е дел од овој Договор и ја опишува ревизијата во понатамошни детали.

**Член 23 Измени или дополнувања**

*Аранжмани за решавање на отворени прашања за време на заедничката ревизија*

Во случај било која од договорните страни да има намера да го измени или дополни овој Договор, другата договорна страна треба да биде известена. Сите промени ќе бидат одобрени и наведени во протоколите на меѓусебните работни состаноци што ги одржуваат договорните страни.

Потпис, датум и место (од секој ВРИ)